**Проект за подобрување на општинските услуги**

# *Извештај од реализиран бенчмаркинг проект во 28 претпријатија во Република Македонија*

**Изработил: ИБНЕТ Консултант**
**Бојан Ристовски**

**Скопје, Февруари 2014**

# СОДРЖИНА


1. РЕЗИМЕ ..... 4
2. ВОВЕД ..... 5
2.1 Цел на бенчмаркинг проектот ..... 6
2.2 Делокруг и ограничувања ..... 6
2.3 Структура на извештајот ..... 7
3. БЕНЧМАРКИНГ ПРИСТАП И МЕТОДОЛОГИЈА ..... 7
3.1 Дефиниција, цели и придобивки ..... 7
3.2 Историја на ИБНЕТ бенчмаркинг проект во Македонија ..... 8
3.3 Проект за подобрување на општинските услуги - ИБНЕТ прашалници ..... 8
3.4 Учесници во проектот ..... 11
3.5 Методологија ..... 12
3.5.1 Запознавање со проектот ..... 12
3.5.2 Пополнување на прашалниците - процес на собирање на податоци ..... 13
3.5.3 Заклучоци - процес на собирање на податоци ..... 13
3.5.4 Верификација на податоците ..... 13
3.5.4.1 ИБНЕТ Консултант ..... 13
3.5.4.2 ИБНЕТ Тим (Вашингтон) ..... 14
3.5.5 Анализа на податоците - бенчмаркинг ..... 14
4. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНАТА НА УСПЕШНОСТ И БЕНЧМАРКИНГ ..... 15
4.1 Потрошувачка на вода и производство ..... 15
4.2 Распределба на потрошувачка на вода ..... 18
4.3 Неприходна вода (NRW) ..... 21
4.4 Перформанси на водоводната и канализациона мрежа ..... 24
4.5 Фактурирање и наплата ..... 27
4.5.1 Стапка и период на наплата ..... 27
4.5.2 Поделба на приходи ..... 31
4.6 Персонал и трошоци ..... 33
4.6.1 Вкупен број на вработени и месечна плата ..... 33
4.6.2 Поделба на персонал по услуга ..... 35
4.6.3 Продуктивност на персонал - водовод ..... 36
4.6.4 Поделба на трошоци ..... 39
4.6.5 Цена на вода ..... 42
4.7 Приходи, трошоци, покривање на трошоци ..... 44
5. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 46

5.1 Заклучоци ... 46
5.2 Препораки ... 47
6. ДОДАТОЦИ ... 48
6.1 Прашалник “Macedonia Toolkit ... 48
6.2 Прашалник “Data Reliability Protocol” ... 54
7. Профил на комуналните претпријатија ... 61
7.1 Берово - ЈПКР Услуга ... 61
7.2 Богданци - ЈП Комунална чистота ... 63
7.3 Босилово - ЈПКД Огражден ... 65
7.4 Чашка - ЈПКД Тополка ... 67
7.5 Долнени - ЈКП Долнени ... 69
7.6 Гостивар - ЈП Комуналец ... 71
7.7 Градско - ЈКП Комуналец, ЈКП Клепа ... 73
7.8 Илинден - ЈКП Водовод ... 75
7.9 Кавадарци - ЈП Комуналец ... 77
7.10 Кичево - ЈП Комуналец ... 79
7.11 Кочани - КЈП Водовод ... 81
7.12 Крива Паланка - ЈП Комуналец ... 83
7.13 Крушево - ЈП Комуна ... 85
7.14 Маврови Анови - ЈПКД Маврово ... 87
7.15 Неготино - ЈКП Комуналец ... 89
7.16 Новаци - ЗЈКП Пела Хигиена ... 91
7.17 Пехчево - ЈКП Комуналец ... 93
7.18 Петровец - ЈКП Петровец ... 95
7.19 Прилеп - ЈКП Водовод и Канализација ... 96
7.20 Пробиштип - ЈКП Никола Карев ... 98
7.21 Ранковце - ЈКП Чист Ден ... 100
7.22 Росоман - ЈПКД Росоман ... 102
7.23 Штип - ЈП Исар ... 104
7.24 Скопје - ЈП Водовод и Канализација ... 106
7.25 Василево - ЈПКД Турија ... 108
7.26 Велес - ЈКП Дервен ... 110
7.27 Вевчани - ЈП Еремја ... 112
7.28 Виница - ЈП Солидарност ... 114

# 1. РЕЗИМЕ

Еден од критериумите за учество во Проектот за подобрување на општинските услуги (*Municipal Services Improvement Project*), овозможен од Владата на Република Македонија и финансиски подржан од Светска Банка, за подршка на инфраструктурни проекти на општините, е членство на општинските комунални претпријатија во АДКОМ и нивен придонес кон проширување на базата на податоци ИБНЕТ со пополнување на доставени прашалници.

Во рамки на проектот, во кој заклучно со 12.12.2013 година, учествуваа вкупно 28 комунални претпријатија, беа пополнувани два прашалника (Toolkit-прашалник со податоци и индикатори; Data Realibility Protocol-прашалник за самооценување од страна на комуналните претпријатија во поглед на доверливост/ сигурност на внесените податоци).

Овој проект, практично претставува продолжение од првиот бенчмаркинг ИБНЕТ проект реализиран во 2008 година од страна на АДКОМ и ИБНЕТ (Светска Банка).

Овој Бенчмаркинг извештај ги претставува резултатите од анализа на доставните податоци и пресметани индикатори, и е наменет за сите инволвирани субјекти во комуналниот сектор, пред се во услугите водовод, канализација и одведување на смет (комунални претпријатија, општини, владини агенции и министерства), кои што може да ги искористат презентираните податоците за развој и следење на успешноста на претпријатијата во различни области, дефинирање на стратегии за развој, идентификување на слабите места и инвестициски потреби. Првичниот извештај е презентиран и дискутиран на бенчмаркинг работилницата, организирана од страна на АДКОМ и одржана на 11.12.2013 година во Скопје.

Во продолжение следат сумирани заклучоци во однос на одредени технички и финансиски индикатори, кои беа споредувани со препорачани вредности од други меѓународни проекти и студии:

- Просечната потрошувачка на произведена вода изнесува над 300 л/лице/ден што укажува дека евалуираните комунални претпријатија доставуваат соодветни количини вода до своите корисници;
- Високата вредност на неприходната вода претставува еден од најголемите проблеми и предизвици на комуналните претпријатија (за 2012 година, просечно ниво на неприходна вода во % кај евалуираните претпријатија (28) изнесува 44,7%, изразена во м$^3$/км/ден 58,9 м$^3$/км/ден, изразена во апсолутна вредност, скоро 4 милиони м$^3$ вода;
- Просечниот број на дефекти на водоводната инсталација од над 4 дефекти на километар годишно, споредбено со стандардниот бенчмарк помалку од 0.5 дефекти, како и бројот на запушувања од над 6 дефекти на километар годишно, споредбено со стандардниот бенчмарк помалку од 0,1 дефект, јасно укажуваат дека водоводната и канализациона мрежа е во многу лоша состојба и неопходно е да се планира нивна итна реконструкција и замена;
- Просечниот период на наплата од 485 дена за 2012 година е значително голем, и ја доведува во прашање финансиската и оперативна

одржливост на комуналните претпријатија и нивната способност за плаќање на своите достасани обврски.

# 2. ВОВЕД

Со цел подобрување на транспарентноста, финансиската одржливост и извршувањето на локалните услуги кои се од суштинско значење за поттикнување на локалниот економски раст и подобрување на животниот стандард во општините, Владата на Република Македонија го овозможи Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) финансиран од Светска банка.

Цел на проектот е да подржи инвестиции во инфраструктура на општините во РМ кои учествуваат во проектот и нивните комунални претпријатија во областа на водоснабдување, одведување на отпадни води и управување со цврст отпад, и подршка на други функции како што се подобрување на енергетската ефикасност, урбаниот транспорт и други услуги во општинска надлежност.

Министерството за финансии (МФ) е одговорно за целокупната имплементација на проектот и затоа специјалната единица за имплементација на проектот е формирана во рамките на министерството.

Еден од критериумите за учество во МСИП е членство на општинските комунални претпријатија во АДКОМ и нивен придонес кон проширување на базата на податоци ИБНЕТ со пополнување на доставени прашалници.За разлика од првата фаза на проектот, кога корисниците на кредитната линија беа обврзани за достава на пополнети прашалници откако ќе им се одобреше кредитот, веќе со одобрување на дополнителните финансиски средства од страна на Светска Банка за финансирање на овој проект, од апликантите за користење на кредитната линија се бара доставување на пополнети прашалници за последните две фискални години и пред званично одобрување на кредитот.

Искуство од првичната имплементација на проектот укажуваше дека многу ЈКП имаат тешкотии во систематско собирање и разгледување на расположливите податоци во поглед на нивната веродостојност и примена на податоците за оперативната ефикасност и бенчмаркинг со претпријатија со слични перформанси. Бидејќи, ИБНЕТ собирање на податоци е еден од основните критериуми за учество во МСИП беше идентификувана потребата и важноста на обезбедување на техничка поддршка на ЈКП во собирање, разгледување, доставување и толкување на податоци и перформанс индикаторите во рамките на проектот преку ангажирање на ИБНЕТ Консултант.

Техничка помош за ИБНЕТ бенчмаркинг системот започна во Август 2012 година, со собирање на податоци за сите комунални претпријатија кои учествуваа во проектот до Декември, 2013 година, и продолжува и понатаму.

Овој извештај ги презентира наодите од поединачните и компаративни анализи на податоците од комуналните претпријатија и е наменет да ги информира клучните заинтересирани страни и даватели на комунални услуги. Нацрт извештајот беше презентиран и дискутиран во тек на бенчмаркинг работилницата организирана од АДКОМ а одржана во Скопје на 11.12.2013 година.

## 2.1 Цел на бенчмаркинг проектот

Цел на бенчмаркинг проектот, во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги е да воспостави рамка за собирање и анализа на податоци и индикатори на успешност од комуналните претпријатија на годишна основа, што придонесува за постигнување на следните клучни цели:

- Подобрување на нивото на испорачана услуга и ефикасност на комуналните претпријатија;
- Подобрување на квалитетот и квантитетот на информациите и донесувањето на одлуки во управување на комуналните претпријатија;
- Подобрено уочување и сознание за слабите точки и недостатоци во поглед на ефикасноста на комуналните претпријатијата во Македонија;
- Зголемување на способноста и посветеноста на комуналните претпријатија во процесот на собирање на информациите и нивно доставување до соодветни служби и институции за поддршка на воспоставување на одржлив систем за бенчмаркинг на успешност на комуналните претпријатија во текот на времето.

Од своја страна, овој бенчмаркинг извештај има за цел да ги презентира резултатите од процената на перформансите на комуналниот сектор во Македонија преку користење на голем број широко прифатени клучни индикатори на успешност.

## 2.2 Делокруг и ограничувања

Учеството на комуналните претпријатија во овој Бенчмаркинг проект е лимитиран само на оние претпријатија кои потекнуваат од општини-корисници на кредитната линија за подобрување на општинските услуги финансирана од Министерството за финансии преку Светска Банка. Тоа значи дека, заклучно со 11.12.2013 година, во проектот учествуваа вкупно 28 комунални претпријатија. Во случајот со град Скопје, иако имаше неколку општини-корисници на кредитната линија, сепак обврска за достава на прашалниците имаше само претпријатието кое се занимава со дистрибуција на питка вода и одведување на отпадни води.
Процената и бенчмаркингот на комуналните претпријатија презентирани во овој извештај не треба да се толкуваат како детална процена на успешноста на самите комунални претпријатија, туку како алатка за идентификување на трендовите во целокупниот сектор и овозможување насоки за поголемо систематско известување и анализа на податоците и индикаторите на успешност од страна на сите комунални претпријатија во Македонија.
Секое претпријатие можеше да ги разгледа податоците и индикаторите преку самите прашалници во excel формат, како и доставени во печатена форма на денот на работилницата.
Процената и анализата е направена врз основа на доставените податоци од самите комунални претпријатија, при што значителен напор и грижа се вложени во проверка на точноста на тие податоци преку споредување со годишните извештаи, завршните сметки и други извештаи во граници на можното.

## *2.3 Структура на извештајот*

Овој Извештај се состои од 4 поглавја и тоа:

***Поглавје 1*** е всушност вовед во проектот, во кој се дефинира целта на проектот, како и делокругот и ограничувањата.

***Поглавје 2*** го содржи значењето на бенчмаркингот, историја на бенчмаркинг проектот во Македонија, претставување на Проектот за подобрување на општинските услуги, учесниците во проектот, како и пристапот и користената методологија во процесот на собирање, верификација и анализа на податоците.

***Погјавје 3*** ги содржи резултатите од процената на успешност и бенчмаркинг на комуналните претпријатија во однос на технички и финансиски индикатори, како и причини за моменталната состојба и препораки за подобрување.

***Поглавје 4*** ги содржи генералните заклучоци и препораки.

Детални информации за одредени технички и финансиски индикатори за комуналните претпријатија-учесници во проектот се дадени во додатокот на извештајот, вклучително и празни копии од пополнуваните прашалници.

# 3. БЕНЧМАРКИНГ ПРИСТАП И МЕТОДОЛОГИЈА

## *3.1 Дефиниција, цели и придобивки*

Бенчмаркингот се подразбира како процес за идентификација, разбирање и прифаќање на најдобрите светски практики и процеси од други организации кои би помогнале во унапредување на сопствените перформанси. Бенчмаркингот обезбедува информации на комуналните претпријатија кои ќе им помогнат во подобрување на управувањето и оперативноста. Овозможува споредба на перформансите на комуналните претпријатија на локалната и централната власт и обезбедува информации на клучните институции кои ја креираат политиката во областа на водоснабдување и одведување на отпадни води и смет за дефинирање на проблемите и слабите места во секторот и да организираат подршка и помош. Дополнително, бенчмаркингот доприесува за зголемување на транспарентноста во однос на јавноста со публикација на резултатите на успешност на водоводните претпријатија и превземените обврски и активности за подобрување на квалитетот на услугите, како и зголемување на свеста за интерес за ваква активност и зголемување на дијалогот помеѓу водоводните претпријатија, цивилното општество, локалната власт, централната власт и донорската заедница.
Бенчмаркинг процесот од учесниците побарува:

- спремност да се прифати дека може да има претпријатија со подобри перформанси, но при иста социолошко-економска средина;
- мудрост да се научи дека одредени промени може да произлезат во процесот на споредување;

- амбиција за воведување на неопходните активности;
- ефективност за да се постигнат зададените цели.

## 3.2 Историја на ИБНЕТ бенчмаркинг проект во Македонија

Поради ограничени јавно достапни и доверливи податоци за комуналните претпријатија, многу малку податоци интегрирани во стандардните статистички публикации на комуналните претпријатија, како и државните стандардни статистички извештаи и ургентната потреба од оптимизација на работните процеси и намалување на трошоците, произлезе потребата од воведување на Бенчмаркинг процесот во Македонија.

Првиот проект за системско вреднување (Benchmarking) беше инициран од Светска Банка (ИБНЕТ) и реализиран во период од Август 2008-Јануари 2009 година, врз основа на договор потпишан помеѓу АДКОМ и Светска Банка-ИБНЕТ (Меѓународна мрежа за системско вреднување на водоводните и канализациони претпријатија). Во проектот, на доброволна основа, учествуваа вкупно 15 комунални претпријатија од областа на водовод и канализација (Берово, Битола, Дебар, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Куманово, Неготино, Струга, Радовиш, Ресен, Штип, Скопје, Струмица, Велес).

Овој проект се смета како почетен чекор во развој на бенчмаркингот во Македонија. Се очекуваше дека позитивното искуство на овој проект ќе ги мотивира вклучените комунални претпријатија во првиот проект да ги соберат податоците и за следните години и да продолжат да ги пресметуваат индикатори на успешност според ИБНЕТ бенчмаркинг дефинираниот формат, како и проширување на бенчмаркингот на другите комуналните претпријатија кои не учествуваа во првиот проект. Сепак, само неколку комунални претпријатија поднесоа нови податоци и индикатори до АДКОМ, и немаше дополнителни заинтересирани компании да започнат со бенчмаркинг проектот. Причините за тоа главно се должи на огромните промени во управувањето на комуналните претпријатија во Македонија по локалните избори во 2008 година, кои водеа до промена на клучните технички лица и претходно именуваните координатори на проектот. Покрај тие објективни причини, слабата заинтересираност за бенчмаркинг проектот може да се бара и во немањето на дополнителни обуки и организирани работилници за инволвираните лица во комуналните претпријатија ангажирани на бенчмаркинг и отсуството на координатор кој ќе го води процесот на бенчмаркинг и техничката поддршка на активностите во комуналните претпријатија.

## 3.3 Проект за подобрување на општинските услуги - ИБНЕТ прашалници

Проектот за подобрување на општинските услуги, со делот за собирање и анализа на податоците и индикаторите на успешност, практично претставува продолжување на бенчмаркинг проектот во Македонија. Споредбено со прашалникот со податоци и индикатори од првиот ИБНЕТ проект реализиран во 2008 год. прашалникот е надграден, меѓудругото, и со услугата собирање на смет.




Слика 1. ИБНЕТ Податоци




Слика 2. ИБНЕТ Индикатори

Прашалникот со податоци и индикатори е изработен од ИБНЕТ тимот од Вашингтон, и преиспитан и прилагоден на македонските специфики од страна на ИБНЕТ Консултантот. Копија од празен прашалник е дел од овој извештај и може да се најде во делот “ Додатоци”.
Индикаторите на успешност се пресметуваа директно во посебен ексел работен лист наименуван како “’Индикатори”, преку предходно внесени податоци во ексел работен лист наименуван како “Податоци” и соодветни формули.

Дополнително, се пополнуваше и прашалник “Data Reliability Protocol”, со кој се врши самооценување од страна на комуналните претпријатија во поглед на доверливост/сигурност на внесените податоци преку дефиниција на изворот на информација, изворот на информација, датумот на објава/публикација и квалитет на информацијата/изворот. Целта на воведување на стапката на сигурност за соодветниот податок е подобро да се разбере прашањето за квалитет на податокот и да се поттикне подобрување во квалитет на податокот со тек на време, во прилог на подобрување на измерените перформанси.

На следната слика е даден протоколот на доверливост на податокот внесен во прашалникот:




| Бодирање на квалитет на податокот | Дефиниција на квалитет на податокот | Стапка на сигурност |
|---|---|---|
| 0 | Нема достапни податоци | 0% |
| 1 | Врз основа на сигурна евиденција, процедури, истржувања или анализи, кои се соодветно документирани и признати како најдобро можно достапни. Изворот на информација е достапен и датумот е од евалуираната година. | 100% |
| 2 | Генерално како предходната позиција, но со мали недостатоци, како на пример, некоја документација недостасува, проценката е доста стара, недостасува датум или се потпира на непотврдени извештаи, или е направена екстраполација | 80% |
| 3 | Екстраполација од лимитирани примери | 70% |
| 4 | Врз основа на најдобрите проценки на вработените во претпријатието, без мерења или документирани докази. | 50% |

Слика 3. Протокол на доверливост на податок

## 3.4 Учесници во проектот

Заклучно со 11.12.2013 година, во проектот учествува вкупно 28 комунални претпријатија, кои доставуваа податоци за различни фискални години, во период од 2008-2012 година.

| Општина | Комунално претпријатие | Евалуирани години |
|---|---|---|
| Берово | ЈПКР Услуга | 2009-2012 |
| Богданци | ЈП Комунална чистота | 2010-2012 |
| Босилово | ЈПКД Огражден | 2010-2012 |
| Чашка | ЈПКД Тополка | 2010-2012 |
| Долнени | ЈКП Долнени | 2010-2012 |
| Гостивар | ЈП Комуналец | 2010-2012 |
| Градско | ЈКП Комуналец, ЈКП Клепа | 2008-2012 |
| Илинден | ЈКП Водовод | 2009-2012 |
| Кавадарци | ЈП Комуналец | 2011-2012 |
| Кичево | ЈП Комуналец | 2008-2012 |
| Кочани | КЈП Водовод | 2008-2012 |
| Крива Паланка | ЈП Комуналец | 2010-2012 |
| Крушево | ЈП Комуна | 2009-2012 |
| Маврови Анови | ЈПКД Маврово | 2010-2012 |
| Неготино | ЈКП Комуналец | 2010-2012 |
| Новаци | ЗЈКП Пела Хигиена | 2012 |
| Пехчево | ЈКП Комуналец | 2009-2012 |
| Петровец | ЈКП Петровец | 2010-2012 |
| Прилеп | ЈКП Водовод и Канализација | 2008-2012 |
| Пробиштип | ЈКП Никола Карев | 2011-2012 |
| Ранковце | ЈКП Чист Ден | 2010-2012 |
| Росоман | ЈПКД Росоман | 2011-2012 |
| Штип | ЈП Исар | 2008-2012 |
| Скопје | ЈП Водовод и Канализација | 2008-2012 |
| Василево | ЈПКД Турија | 2009-2012 |
| Велес | ЈКП Дервен | 2008-2012 |
| Виница | ЈП Солидарност | 2010-2012 |
| Вевчани | ЈП ЕремЈа | 2010-2-12 |

Табела 1. Учесници во проектот заклучно со 11.12.2013 година

Со оглед на тоа што посочените претпријатија имаат различни перформанси, нудат исти или различни услуги во средини кои имаат различни социо-економски карактеристики, а со цел нивно подобро споредување во однос на индикаторите на успешност, неминовно беше да се поделат во групи согласно бројот на опслужено население.

| Група 1 (0-10000) население | |
|---|---|
| Општина | Комунално претпријатие |
| Богданци | ЈП Комунална чистота |
| Босилово | ЈПКД Огражден |
| Чашка | ЈПКД Тополка |
| Градско | ЈКП Комуналец , ЈКП Клепа |
| Маврови Анови | ЈПКД Маврово |
| Новаци | ЗЈКП Пела Хигиена |
| Пехчево | ЈКП Комуналец |
| Петровец | ЈКП Петровец |
| Ранковце | ЈКП Чист Ден |
| Росоман | ЈПКД Росоман |
| Василево | ЈПКД Турија |

| Група 2 (10000-45000) население | |
|---|---|
| Општина | Комунално претпријатие |
| Берово | ЈПКР Услуга |
| Долнени | ЈКП Долнени |
| Илинден | ЈКП Водовод |
| Кавадарци | ЈП Комуналец |
| Кичево | ЈП Комуналец |
| Кочани | КЈП Водовод |
| Крива Паланка | ЈП Комуналец |
| Крушево | ЈП Комуна |
| Неготино | ЈКП Комуналец |
| Пробиштип | ЈКП Никола Карев |
| Виница | ЈП Солидарност |
| Вевчани | ЈП Еремја |

| Група 3 (45000-100000) население со Скопје | |
|---|---|
| Општина | Комунално претпријатие |
| Гостивар | ЈП Комуналец |
| Прилеп | ЈКП Водовод и Канализација |
| Штип | ЈП Исар |
| Скопје | ЈП Водовод и Канализација |
| Велес | ЈКП Дервен |

Табела 2. Поделба на претпријатијата по групи согласно број на опслужено население

## 3.5 Методологија

Процесот на пополнување и верификација на ИБНЕТ прашалниците се одвиваше во неколку фази:




Слика 4. Методологија на проектот

### 3.5.1 Запознавање со проектот

Прашалниците беа доставувани до комуналните претпријатија по електронски пат, со цел нивно првично запознавање со видот на податоците кои треба да се пополнат и обемот на работа. По кратко време, од страна на ИБНЕТ Консултантот во проектот, се реализираа иницијални состаноци на лице место

со менаџментот на претпријатието и претставници од финансискиот и техничкиот сектор, со цел подетално објаснување на позициите од прашалниците и разрешување на одредени нејаснотии забележани во тек на првичното разгледување на прашалниците.

### 3.5.2 Пополнување на прашалниците - процес на собирање на податоци

Процесот на пополнување на прашалниците се одвиваше интерно, во рамки на самите претпријатија. Најчесто податоците беа превземани од годишните извештаи и завршните сметки на претпријатијата, како и од одредени апликации, но одредени податоци беа генерирани и преку засебни калкулации. Одредени дополнителни прашања, кои произлегуваа од процесот на пополнување на прашалниците, беа разрешувани преку телефонски разговори, а многу често и преку дополнителни посети на претпријатието од страна на ИБНЕТ Консултантот, кои служеа за дополнителна обука на вработените и разрешување на спорните прашања.

### 3.5.3 Заклучоци - процес на собирање на податоци

- Процесот на собирање податоци беше доста бавен и доставувањето на прашалниците се вршеше најчесто еден, па и повеќе месеци по договорениот термин.
- Иако значењето на добиените податоци и индикатори беше препознаено од страна на комуналните претпријатија, сепак беше сфатено најчесто, како дополнително оптеретување и активност вон редовните работни обврски.
- Потешкотии во поглед на генерирање на оние податоци кои не може да се најдат во редовните годишни извештаии и завршни сметки на претпријатијата:
  - кај повеќето претпријатија, поделба на корисниците се води само на индивидуални потрошувачи и правни лица (институции и комерцијални субјекти заедно);
  - број на приклучоци (кај поголемите претпријатија во урбани средини);
  - произведена вода (кај помалите претпријатија во руралните средини);
  - количина на вода која е продадена преку оперативни водомери;
  - количини собрани отпадни води;
  - трошоци по дејности;
  - поделба на основните средства по дејности.

### 3.5.4 Верификација на податоците

#### 3.5.4.1 ИБНЕТ Консултант

Првично пополнетите прашалници од страна на комуналните претпријатија беа доставувани до ИБНЕТ консултантот за проверка на квалитетот на податоците во смисол на нивна доследност и комплетност, и тоа преку повеќе проби, како на пример:

- опслуженото население не е поголемо од вкупното население;

- сумите на одредени позиции се еднакви на збирот на компонентите на таа позиција (вкупната фактурирана вода – канализација - смет да е еднаква на фактурираните количини на домаќинство, индустрија и институции;
- вкупните фактурирани количини за домаќинство да се еднакви или поголеми од фактурираните количина за домаќинство - вода, канализација, смет (во зависност од услугите кои ги нуди комуналното претпријатие);
- вкупните трошоци да се поголеми од сумата на трошоци за плата, струја, гориво, ангажирање на услуги од трети лица;
- вкупните приходи да се еднакви или поголеми од збирот на приходите за вода, канализација и смет (во зависност од услугите кои ги нуди комуналното претпријатие).

Дополнително, податоците и индикаторите од евалуираните години беа внесувани во една заедничка табела, и преку нивна споредба од година со година, и од едно пертпријатие со друго претпријатие со слични перформанси, мошне брзо и едноставно можеше да се увидат некои неконзистентни и неточни внесени податоци и генерирани индикатори.
Една од проверките вклучуваше и проверка на единици мерки (дали внесените податоци се согласно бараните единици мерки).
Вратените прашалници на дополнителна обработка вклучуваа укажување на пропустите и грешките проследени со детален опис со текст и формула.

#### 3.5.4.2 ИБНЕТ Тим (Вашингтон)

Пополнетите прашалници, предходно проверени од страна на ИБНЕТ Консултантот, беа доставувани до ИБНЕТ тимот во Вашингтон на дополнителна проверка и верификација. По нивна детална анализа, конзистентност и проверка на податоците и индикаторите дали се во рамките на очекуваните вредности, беа враќани со одредени забелешки до ИБНЕТ Консултантот. Процесот на верификација и контрола продолжуваше преку консултација со комуналните претпријатија од страна на ИБНЕТ Консултантот, укажување на преостанати симптоматични податоци и индикатори, и нивна доработка и разрешување.

### 3.5.5 Анализа на податоците - бенчмаркинг

Верифицираните податоци и индикатори се претставуваа во вид на график поединачно за секое претпријатие посебно, но и групно, и споредуваа со оние на сродните претпријатија согласно перформансите и број на население. Врз основа на таа анализа, произлегоа одредени заклучоци и мерки за подобрување.
Во одредени случаи во рамките на МСИП, преку следење и анализа на клучни параметри на успешност од ИБНЕТ прашалниците, се следеше и развојот и напредокот на резултатите од соодветниот проект.

# 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНАТА НА УСПЕШНОСТ И БЕНЧМАРКИНГ

## *4.1 Потрошувачка на вода и производство*

Познавањето на количините произведена вода е важно за комуналните претпријатија, пред се, да се осигураат дека доставуваат соодветни количини вода до корисниците. Истовремено, значаен податок преку кој се генерира индикаторот - неприходна вода, како разлика од произведената и потрошена и фактурирана количина вода.

Значително поголеми количини на произведена вода имаат трошковни импликации во смисол на капитални инвестиции за надградби кога е надминат капацитетот на инфраструктурата.

Потрошувачката на вода и производството во ИБНЕТ прашалниците се дефинира преку два индикатори (литри/лице/ден и $м^3$/приклучок/месец). Практично, при калкулација и на двата индикатори, постојат потенцијални извори на грешки, меѓу кои:

- **Вкупни количини произведена вода** (постоењето и прецизноста на мерачите на проток, како на пример отсуство на мерачи во руралните средини и небаждарани мерни уреди во урбаните средини, претставуваат значителна несигурност во точноста на пријавените количини);
- **Вкупни количини фактурирана вода** (небаждарани водомери и водомери со старост повеќе од 5 години кои покажуваат помали количини вода, постоење на паушални корисници и корисници без водомери);
- **Број на опслужено население или број на приклучоци** (доколку се прикажат со помали или поголми вредности, може значително да влијаат на индикаторите за производство и потрошувачка на вода);




График 1. Потрошувачка на вода (л/лице/ден) - Сумарно за 2012 и 2011 год.

| | Вкупна потрошувачка на вода - производство (л/лице/ден) 2011 | Вкупна потрошувачка на вода-производство (л/лице/ден) 2012 | Вкупна потрошувачка на вода - фактурирана (л/лице/ден) 2011 | Вкупна потрошувачка на вода-фактурирана (л/лице/ден) 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Група 1 (0-10000) | **274** | **274,8** | **119** | **122,1** |
| Група 2 (10000-45000) | **307** | **306,7** | **129,5** | **129,4** |
| Група 3 (45000-100000), Скопје | **369,7** | **363,3** | **136,6** | **137** |
| Сумарно | **310,8** | **308** | **127,2** | **128,1** |

Табела 3. Потрошувачка на вода (производство, фактурирано) за 2011 и 2012 по групи и сумарно

| Општина | Вкупна потрошувачка на вода - производство (л/лице/ден) 2011 | Вкупна потрошувачка на вода- производство (л/лице/ден) 2012 | Вкупна потрошувачка на вода - фактурирана (л/лице/ден) 2011 | Вкупна потрошувачка на вода- фактурирана (л/лице/ден) 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 245 | 250,2 | 131,5 | 113,8 |
| **Богданци** | 312 | 299,6 | 203 | 191,6 |
| **Босилово** | 96,5 | 101,5 | 96,5 | 101,5 |
| **Чашка** | 105,1 | 118 | 98,5 | 108 |
| **Долнени** | 260,9 | 279,4 | 96,4 | 86,6 |
| **Гостивар** | 405,9 | 406,9 | 88,2 | 90,9 |
| **Градско** | 198,3 | 218,4 | 123,9 | 118,6 |
| **Илинден** | 158,6 | 173,1 | 109 | 114,1 |
| **Кавадарци** | 515 | 515 | 201,1 | 210,5 |
| **Кичево** | 583,4 | 524,8 | 117,5 | 122,2 |
| **Кочани** | 261,5 | 320,1 | 112,1 | 116,9 |
| **Крива Паланка** | 141,1 | 156,6 | 99,3 | 105,7 |
| **Крушево** | 268,8 | 275,8 | 88,7 | 86,1 |
| **Маврови Анови** | 1270,6 | 1270,6 | 78,2 | 91,3 |
| **Неготино** | 431,7 | 431,7 | 192,9 | 180,7 |
| **Новаци** | | 164,4 | | 134,1 |
| **Пехчево** | 381,7 | 412,7 | 197,6 | 169,8 |
| **Прилеп** | 335 | 291,8 | 123,7 | 126,3 |
| **Пробиштип** | 254,8 | 216,4 | 122,2 | 107,1 |
| **Ранковце** | 85,8 | 84,7 | 68,6 | 76,4 |
| **Росоман** | 111,3 | 150,9 | 83,6 | 103,7 |
| **Штип** | 343,1 | 353,5 | 132,4 | 131,5 |
| **Скопје** | 550,7 | 561,9 | 204,1 | 201,5 |
| **Василево** | 106,9 | 87,1 | 94,6 | 75,3 |
| **Велес** | 213,7 | 202,2 | 134,9 | 134,5 |
| **Вевчани** | 187,3 | 216,6 | 156 | 180,5 |
| **Виница** | 255,9 | 230,8 | 153,9 | 180,4 |
| **Просек** | **310,8** | **308** | **127,2** | **128,1** |

Табела 4. Потрошувачка на вода (производство, фактурирано)за 2011 и 2012 по претпријатија и сумарно

**Заклучоци**

- Просечната потрошувачка на произведена вода од над 300 л/лице/ден укажува дека евалуираните комунални претпријатија доставуваат соодветни количини вода до своите корисници;
- Разликата од потрошената количина вода и фактурираната јасно укажува на превисоки количини неприходна вода;

- Просечната потрошувачка на фактурирана вода од скоро130 л/лице/ден е под европскиот просек од 160 л/лице/ден. Знаејќи ги навиките на македонското население во користењето на вода и релативно ниската свест за заштеда на вода, најверојатно овој индикатор е подценет и е резултат на помала фактурирана количина вода, или премал број на опслужено население;
- Со оглед на силната зависност на посочените индикатори за производство и потрошувачка на вода од бројот на населението и бројот на приклучоци, се препорачува започнување на интензивни активности во поглед на утврдување на точниот број на приклучоци (разграничување на број на приклучоци и број на корисници-сметки), како и на точниот број на корисници-население, не чекајќи ги податоците од другите регионални или државни извори.

| 2012 2011201020092008 2007 | Македонија* | Албанија | Србија | Романија | Бугарија | Турција | Косово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна потрошувачка на вода-производство (л/лице/ден)** | **308** | **300** | | **304** | | **192** | |
| **Вкупна потрошувачка на вода-фактурирана (л/лице/ден)** | **128** | **97** | **158** | **153** | **171** | **108** | **125** |

*податоци од евалуирани 28 претпријатија; Извор: ИБНЕТ

Табела 5. Преглед на потрошувачка на вода (производство, фактурирано) кај неколку соседни земји, вклучително и Македонија

## 4.2 Распределба на потрошувачка на вода

Согласно табелите и податоците дадени подолу, најголемиот корисник на услуга водоснабдување е домаќинството, на кое отпаѓа над 80% од вкупната потрошена вода. Оваа поделба е идентична и во претпријатијата во рурални и урбани средини.




График 2. Распределба на потрошувачка на вода

| 2012 | Потрошувачка на домаќинства (% од вк. потрошувачка) | Потрошувачка на индустриски и комерцијални потрошувачи (% од вк. потрошувачка) | Потрошувачка на институции и други (финансирани од буџет и општина) (% од вк. потрошувачка) |
|---|---|---|---|
| Група 1 (0-10000) | **83,2** | **12,9** | **3,9** |
| Група 2 (10000-45000) | **81** | **14,3** | **4,7** |
| Група 3 (45000-100000), Скопје | **78,3** | **15,8** | **5,2** |
| Сумарно | **81,4** | **14,1** | **4,4** |

Табела 6. Распределба на потрошувачка на вода за 2012 по групи и сумарно

| Општина | Потрошувачка на домаќинства 2012 (% од вкупна потрошувачка) | Потрошувачка на индустриски и комерцијални потрошувачи 2012 (% од вкупна потрошувачка) | Потрошувачка на институции и други (финансирани од буџет и општина) 2012 (% од вкупна потрошувачка) |
|---|---|---|---|
| **Берово** | 88,1 | 9,7 | 2,3 |
| **Богданци** | 76,5 | 20,8 | 2,7 |
| **Босилово** | 84,6 | 11,6 | 3,8 |
| **Чашка** | 79,4 | 7,9 | 12,6 |
| **Долнени** | 95,3 | 4,7 | 0,0 |
| **Гостивар** | 84,4 | 7,5 | 8,2 |
| **Градско** | 90,2 | 2,6 | 7,2 |
| **Илинден** | 84,2 | 10,8 | 5,0 |
| **Кавадарци** | 70,0 | 27,0 | 3,0 |
| **Кичево** | 76,8 | 21,4 | 1,8 |
| **Кочани** | 89,0 | 7,2 | 3,8 |
| **Крива Паланка** | 86,2 | 6,6 | 7,2 |
| **Крушево** | 88,9 | 8,3 | 2,9 |
| **Маврови Анови** | 64,1 | 34,0 | 2,0 |
| **Неготино** | 72,0 | 10,6 | 17,4 |
| **Новаци** | 100,0 | 0,0 | 0,0 |
| **Пехчево** | 78,6 | 20,9 | 0,5 |
| **Прилеп** | 78,8 | 13,7 | 5,0 |
| **Пробиштип** | 74,2 | 23,0 | 2,7 |
| **Ранковце** | 90,0 | 6,0 | 4,0 |
| **Росоман** | 94,6 | 3,6 | 1,8 |
| **Штип** | 74,7 | 21,2 | 4,1 |
| **Скопје** | 71,2 | 22,6 | 5,3 |
| **Василево** | 84,0 | 13,8 | 2,2 |
| **Велес** | 82,7 | 13,7 | 3,6 |
| **Виница** | 66,6 | 28,2 | 5,2 |
| **Вевчани** | 71,9 | 23,2 | 4,9 |
| **Просек** | **81,4** | **14,1** | **4,4** |

Табела 7. Распределба на потрошувачка на водаза 2012 по претпријатијаи сумарно

## 4.3 Неприходна вода (NRW)

Неприходната вода е еден од главните предизвици на комуналните претпријатија кои нудат услуга - водоснабдување во Република Македонија. Неприходната вода (апсолутен износ), се пресметува како разлика помеѓу произведената или внесена вода во систем и фактурираната вода и е резултат на технички загуби (дефекти) и комерцијални загуби (кражба и несоодветно фактурирање). Високото ниво на загуби на вода укажува на ниско ниво на управување со системот, во форма на несоодветна политика на наплата и застарена инфраструктура и несоодветно одржување на системот.
Со намалување на неприходната вода, се доаѓа до дополнителни количини вода, со кои може да се задоволат моменталните побарувања за вода (и притоа да се зголеми наплатата) или да се одложат капиталните инвестиции во добивање нови количини вода (а со тоа да се намалат трошоците на претпријатијата во смисол на инфраструктура, струја, хемиски средства, работна сила).
Доколку количините неприходна вода се искажат во монетарна смисла, може да се добие чувство за износот за изгубените приходи и големината на проблемот.
Во ИБНЕТ прашалниците користени се следните индикатори за претставување на неприходната вода:

- % од произведената вода
- м$^3$/км/ден
- м$^3$/приклучок/ден

Претставувањето на неприходната вода како процент од произведената вода е едноставен индикатор и широко прифатен и разбран меѓу комуналните претпријатија во Македонија. Но, фактот што е силно осетлив на една од двете варијабли преку кој се генерира (произведена и фактурирана вода), и што не ги зема во предвид другите карактеристики на мрежата, како што се бројот на приклучоците, должината на приклучоците, големината на притисокот во мрежа, тој не е баш соодветен за бенчмаркинг меѓу комуналните претпријатија.
Овој проблем може да се надмине со претставување на неприходната вода во вид на изгубени количини кубни метри вода на километар на ден и на приклучок на ден, како што е препорачано од Меѓународната асоцијација за води (IWA). Сепак, и на овие два индикатори силно влијание имаат бројот на вкупните приклучоци во мрежата (проблематичен податок кај поголемите претпријатија во урбаните средини), како и точната должина на водоводната мрежа без приклучоци.

Во продолжение се претставени двата индикатори (% од произведена вода и м$^3$/км/ден) за секое претпријатие посебно по групи (Група 1, 2, 3).




* Неприходната вода изразена во м$^3$/км/ден во случај на Гостивар е премногу висока и треба да се земе со резерва. Најверојатно должината на водоводната мрежа е потценета, т.е. е прикажана со помала должина од реалната.

График 3. Неприходна вода (м$^3$/км/ден, %)

| | Неприходна вода (м$^3$/год) 2011 | Неприходна вода (м$^3$/год) 2012 | Неприходна вода (м$^3$/км/ден) 2011 | Неприходна вода (м$^3$/км/ден) 2012 | Неприходна вода (%) 2011 | Неприходна вода (%) 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Група 1 (0-10000) | **232.157** | **226.158** | **31,1** | **26,3** | **35** | **36,3** |
| Група 2 (10000-45000) | **1.571.647** | **1.551.168** | **44,6** | **42,9** | **51,1** | **52,2** |
| Група 3 (45000-100000), Скопје | **16.460.988** | **16.712.874** | **172.9** | **165,8** | **60,5** | **59** |
| Сумарно | **3.919.793** | **3.819.073** | **64,1** | **58,9** | **44,2** | **44,7** |

**Бенчмарк: Неприходна вода - помалку од 20 м3/км/ден; помалку од 20%**

Табела 8. Неприходна вода (%, м$^3$/год, м$^3$/км/ден) за 2011 и 2012 по групи и сумарно

| Општина | Неприходна вода (м³/км/ден) 2011 | Неприходна вода (м³/км/ден) 2012 | Неприходна вода (%) 2011 | Неприходна вода (%) 2012 | Неприходна вода (м³/год) 2011 | Неприходна вода (м³/год) 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 29,5 | 35,4 | 46,4 | 54,5 | 527000 | 633000 |
| **Богданци** | 35,9 | 35,5 | 35 | 36 | 262202 | 259476 |
| **Босилово** | 2,7 | 3,8 | 21 | 26,3 | 86234 | 125009 |
| **Чашка** | 0,9 | 1,5 | 6,3 | 8,5 | 8342 | 13341 |
| **Долнени** | 11,1 | 13,1 | 63 | 69 | 637912 | 747962 |
| **Гостивар** | 483,2 | 469,9 | 78,3 | 77,7 | 7760362 | 7717657 |
| **Градско** | 10,6 | 14,2 | 37,5 | 45,7 | 64423 | 86492 |
| **Илинден** | 7 | 8,4 | 31,3 | 34,1 | 459588 | 556683 |
| **Кавадарци** | 100,2 | 97,2 | 61 | 59,1 | 4389439 | 4257339 |
| **Кичево** | 131,2 | 111,1 | 79,9 | 76,7 | 5615863 | 4865008 |
| **Кочани** | 38,3 | 49,8 | 57,1 | 63,5 | 2181229 | 2744704 |
| **Крива Паланка** | 17,1 | 21 | 29,7 | 32,5 | 259914 | 325118 |
| **Крушево** | 27,2 | 28,7 | 46,4 | 54,5 | 636492 | 670846 |
| **Маврови Анови** | 202,7 | 160,4 | 29,7 | 32,5 | 1479800 | 1463492 |
| **Неготино** | 54,9 | 57,7 | 55,3 | 58,2 | 1342108 | 1411191 |
| **Новаци** | | 0,7 | | 18,4 | | 5520 |
| **Пехчево** | 13,6 | 17,5 | 48,3 | 58,9 | 299072 | 385650 |
| **Прилеп** | 97,3 | 75,9 | 63,1 | 56,7 | 5929702 | 4708639 |
| **Пробиштип** | 38,6 | 31,8 | 52,1 | 50,5 | 723539 | 596279 |
| **Ранковце** | 1,2 | 0,6 | 20 | 9,9 | 24161 | 11762 |
| **Росоман** | 7,2 | 12,2 | 25 | 31,3 | 40542 | 68829 |
| **Штип** | 75,4 | 79,4 | 61,4 | 62,8 | 3438000 | 3622245 |
| **Скопје** | 169,5 | 170,7 | 62,9 | 64,1 | 63737615 | 66280504 |
| **Василево** | 29,5 | 35,4 | 46,4 | 54,5 | 27173 | 33909 |
| **Велес** | 39,3 | 32,9 | 36,9 | 33,5 | 1439263 | 1235326 |
| **Вевчани** | 6,8 | 7,8 | 16,7 | 16,7 | 29617 | 34260 |
| **Виница** | 35 | 17,3 | 39,9 | 21,9 | 515030 | 254719 |
| **Просек** | **64,1** | **58,9** | **44,2** | **44,7** | **3919793** | **3819073** |

Табела 9. Неприходна вода (%, м³/км/ден, м³/ден) по претпријатија и сумарно

## Заклучоци

- Просечното ниво на неприходна вода за 2012 во % кај евалуираните претпријатија (28) од 44,7%, иако е релативно високо, сепак се проценува дека е пониско од реалната состојба во комуналните претпријатија на ниво на Македонија, пред се поради помалиот број евалуирани претпријатија. Алармантноста на состојбата се оценува споредувајќи ја со усвоениот бенчмарк за неприходна вода изразена во % од произведената (под 20%), и м³/км/ден (20 м³/км/ден);

- Изразена во апсолутна вредност, средната количина на неприходна вода на ниво на евалуирини претпријатија за 2012 година изнесува скоро 4 милиони м$^3$ вода;
- Вредноста на неприходната вода за 2012 година е пониска кај помалите претпријатија - Група 1 (36,3%, 26,3м$^3$/км/ден) - рурални средини, во однос на поголемите претпријатија - Група 3 (59%, 165,8м$^3$/км/ден)-урбани средини.Една од можните причини може да се бара во поновата инфраструктура и помалиот број на приклучоци во руралните средини каде се јавуваат статистички и најголемиот број дефекти, но најверојатно, најголемата причина е пониската проценета произведена вода поради неинсталирани мерни уреди за произведена вода;
- Генерално, продолжува трендот на зголемување на неприходната вода во комуналните претпријатија, со исклучок на мал број претпријатија (пример ЈП Дервен Велес);
- Цел на комуналните претпријатија- сведување на комерцијалните загуби на најниско можно ниво и паралелно започнување на интезивни активности за намалување на техничките загуби;
- Неопходно е итна мобилизација од страна на комуналните претпријатија, општините, владата, инвеститорите и донаторите во смисол на техничка помош, консалтинг и финасирање со цел намалување на неприходната вода.

На следната табела дадена се вредностите на евалуираните два индикатори во неколку земји во светот, вклучително и Македонија:

| 2012,2011,2010,2009,2008,2007 | Македонија* | Албанија | Србија | Романија | Бугарија | Турција | Косово |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Неприходна вода (м$^3$/км/ден)** | **58,9** | **73,5** | **22,3** | **42,8** | **25,5** | **43,4** | **62,5** |
| **Неприходна вода (%)** | **44,7** | **68** | **38** | **51** | **54** | **59** | **58** |

*податоци од евалуирани 28 претпријатија; Извор: ИБНЕТ

Табела 10. Преглед на Неприходна вода (%, м$^3$/км/ден) кај неколку соседни земји, вклучително и Македонија

## 4.4 Перформанси на водоводната и канализациона мрежа

Бројот на дефекти на водоводната мрежа и запушувања на канализационата мрежа по километар на годишно ниво се параметри со кои се искажува состојбата на водоводниата и канализациона мрежа, но исто така дава информација и за ефективноста на управувањето со средствата, оперативните процеси и начинот на одржување. Исто така, анализирајќи го материјалот на цевките на кој се настанати дефекти, нивниот дијаметар, видот на почвата и начинот на поставување на водоводната мрежа во земја, даваат јасна слика за причините за зголемениот број дефекти и дава можност за проценка и предвидување за животниот век на цевките и потребата за нивна реконструкција или замена.




График 4. Дефекти на водоводна мрежа, Запушувања на канализациона мрежа за 2011 и 2012 год.

| | Дефекти на водоводна мрежа 2011 | Дефекти на водоводна мрежа 2012 | Запушувања на канализациона мрежа 2011 | Запушувања на канализациона мрежа 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Група 1 (0-10000) | **5,1** | **3,9** | **3,6** | **3,1** |
| Група 2 (10000-45000) | **3,2** | **3,3** | **7,6** | **7,9** |
| Група 3 (45000-100000), Скопје | **5,3** | **4,6** | **9,1** | **9,3** |
| Сумарно | **4,3** | **3,8** | **6,7** | **6,5** |

**Бенчмарк: дефекти водовод-помалку од 0,5; запушувања канализација-помалку од 0,1**

Табела 11. Дефекти на водоводна мрежа, запушувања на канализациона мрежа за 2011 и 2012 по групи и сумарно

| Општина | Дефекти на водоводна мрежа 2011 | Дефекти на водоводна мрежа 2012 | Запушувања на канализациона мрежа 2011 | Запушувања на канализациона мрежа 2012 |
|---|---|---|---|---|
| **Берово** | 0,8 | 0,9 | 6,5 | 5,9 |
| **Богданци** | 30,0 | 22,5 | 8 | 8 |
| **Босилово** | 2,3 | 2 | | |
| **Чашка** | 1,7 | 1,7 | 0,9 | 0,9 |
| **Долнени** | 3,5 | 3,3 | 1,8 | 2,2 |
| **Гостивар** | 6,1 | 5,5 | 22,7 | 22,4 |
| **Градско** | 10,1 | 12 | 0,6 | 0,6 |
| **Илинден** | 0,2 | 0,3 | | |
| **Кавадарци** | 3,4 | 3,5 | 22,4 | 23,3 |
| **Кичево** | 2,1 | 2 | 13,3 | 11 |
| **Кочани** | 2,7 | 3,4 | 4,6 | 4,3 |
| **Крива Паланка** | 5,2 | 4,9 | 11,3 | 12,7 |
| **Крушево** | 1,6 | 1,5 | 0,5 | 0,5 |
| **Маврови Анови** | 2,5 | 0,9 | | |
| **Неготино** | 2 | 1,9 | 3,3 | 3,6 |
| **Новаци** | | 0,1 | | 0,1 |
| **Пехчево** | 0,1 | 0,1 | 7,5 | 6,3 |
| **Прилеп** | 5,9 | 5,3 | 6,3 | 7,6 |
| **Пробиштип** | 7,6 | 7,9 | 12 | 11,1 |
| **Ранковце** | 1,8 | 1,8 | 1,1 | 0,7 |
| **Росоман** | 0,8 | 0,6 | 1,3 | 1,2 |
| **Штип** | 2,3 | 1,7 | 4,5 | 4 |
| **Скопје** | 9,6 | 7,4 | 4,4 | 3,6 |
| **Василево** | 1 | 0,2 | | |
| **Велес** | 2,4 | 3 | 7,7 | 9 |
| **Виница** | 6,3 | 6,3 | 0 | 4,5 |
| **Вевчани** | 0,8 | 0,7 | 5,9 | 6,6 |
| **Просек** | **4,3** | **3,8** | **6,7** | **6,5** |

Табела 12. Дефекти на водоводна мрежа, запушувања на канализациона мрежа за 2011 и 2012 по претпријатијаи сумарно

## Заклучоци

- Просечниот број на дефекти на водоводната инсталација од над 4 дефекти на километар годишно, споредбено со стандардниот бенчмарк помалку од 0,5 дефекти, како и бројот на запушувања од над 6 дефекти на километар годишно, споредбено со стандардниот бенчмарк помалку од 0,1 дефекти, јасно укажуваат дека водоводната и канализациона мрежа се во многу лоша состојба и неопходно е да се планира нивна итна реконструкција и замена;
- Со голема доза на точност може да се тврди дека претпријатијата немаат точни податоци за должината на водоводната и канализациона

мрежа која ја одржуваат, што има големо влијание врз бројот на настанатите дефекти по километар годишно;

- Од друга страна, евидентна е неажурноста во водење на евиденцијата на настанатите дефекти, по локација, вид на материјал, дијаметар на цевка, тип на земја во која се поставени, што претставува ограничување во прикажување на вистионскиот број на дефекти по километар годишно;
- Генерално, оние претпријатија кои пријавуваат поголеми загуби на вода имаат и поголем број на дефекти на инсталација по километар на годишна основа. Сепак постојат претпријатија, кои имаат релативно големи загуби на вода, а мал број на настанати дефекти, Кај таквите претпријатија, или е потценет бројот на дефектите, што е најверователно, или се работи за значително високи износи на комерцијална загуба на вода,

**Препораки**

- Воведување на механизам за точна евиденција на бројот на дефекти по локација, материјал на цевка, дијаметар, старост на цевката, вид на почва, кои податоци ќе послужат во планирање на рехабилитациони зафати и санација на инсталациите, независно од староста на водоводната мрежа;
- Воведување и ажурирање на ГИС во работењето на претпријатијата;
- Итна рехабилитација на инсталациите кои, согласно бројот на дефектите, го поминале својот животен век;
- Обезбедување средства за рехабилитација на водоводната и канализациона мрежа на долгорочна основа,

## *4.5 Фактурирање и наплата*

### 4.5.1 Стапка и период на наплата

Ефективноста и ефикасноста на секторот за комунални услуги, меѓудругото, во голема мера зависи од инфраструктурата и капацитетот на системот целосно да фактурира и наплати за испорачаните производи и услуги,

Финансиското работење на комуналните претпријатија, а пред се нивната ликвидност, се директно зависни од решавањето на проблемот со наплатата.

